**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Димитар Ѓоршевски**
**именуван за подрачјето на**
**Битола и Ресен**
**ул.Цар Самоил бр.11**
**тел. 047/609425**

**Образец бр.66**

**И.бр. 39/2026**

Извршителот Димитар Ѓоршевски од Битола, ул.Цар Самоил бр.11 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот ПроКредит Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030003482066 и ЕМБС 5774136 и седиште на Манапо број 7, засновано на извршната исправа ОДУ.бр.162/24 од 19.07.2024 година на Нотар Александра Атанасов од Битола, против должникот Благоја Љамчевски од Битола и живеалиште на Крушевска Република бр.19-5, за спроведување на извршување во вредност 979.332,00 денари на ден 07.07.2026 година го донесува следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како стан и помошни простории запишана во имотен лист бр.95553 за КО Битола 1/2 при АКН на СМ –ЦКН Битола со следните ознаки:

Носители на право

| Имотен лист | Име и презиме | Град | Улица | Број | Дел на посед |
|---|---|---|---|---|---|
| 95553 | БЛАГОЈА ЉАМЧЕВСКИ | БИТОЛА | РАДЕ ИЛИЕВ | 3 | 1/1 |

Објекти

| Имотен лист | Број | Објект | Намена | Површина м2 | Место | Влез | Кат | Стан | Право |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 95553 | 17595/11 | 1 | Станбено-деловни згради | 63 | КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА 19 | 1 | 1 | 5 | Сопственост |
| 95553 | 17595/11 | 1 | Станбено-деловни згради | 8 | КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА 19 | 1 | 1 | 5 | Сопственост |

Сопственост на должникот Благоја Љамчевски од Битола.

**Продажбата ќе се одржи на ден 29.07.2026 година во 10:00 часот во просториите на Извршител Димитар Ѓоршевски на адреса Цар Самоил бр.11,Битола.**

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.39/2026 од 24.04.2026 година, изнесува **5.457.414,00** денари, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Налог за извршување врз недвижност чл.166 од ЗИ И.бр.39/2026 од 13.01.2026 година на Извршител Димитар Ѓоршевски од Битола. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

**На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) односно износ од 545.741,00 денари од утврдената вредност на недвижноста,најдоцна до 27.07.2026 година.**

**Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр.500000001490820 која се води кај Алта Банка АД Битола и даночен број 5002023509971.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање дневен весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Димитар Ѓоршевски

Д.-на: доверител
должник
Град Битола - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци
архива на извршител
УЈП

X ______________________

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основен суд Битола согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.